СПИ. бр. 2/2024
17.01.2024

До Основен суд Кичево

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Број на правосилно завршени постапки за расправање на оставина, за периодот од 2021 до 2023 година, разделени по години.[1]
2. Број на дадени **изјави за откажување од наследство (негативна наследничка изјава)** во правосилно завршените постапки за расправање на оставина, за периодот од 2021 година до 2023 година, разделени по:
   - **години** (за 2021, 2022 и 2023 година)
   - **пол на наследникот кој дал изјава за откажување од наследство** (негативна наследничка изјава).
3. Број на дадени **изјави за отстапување на својот наследен дел во корист на определен наследник** (согласно член 131 став 2 од Законот за наследување) во правосилно завршените постапки за расправање на оставина, за периодот од 2021 година до 2023 година, разделени по:
   - **години** (за 2021, 2022 и 2023 година)
   - **пол на наследникот кој дал изјава за отстапување на својот наследен дел во корист на определен наследник**.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

Барател на информацијата:
[redacted]

[1] И покрај тоа што оставинските постапки се спроведуваат од страна на нотарите како повереници на судот, информациите се бараат од судот бидејќи согласно член 134 став 3 од Законот за вонпарничната постапка и член 152 од Законот за нотаријатот, по правосилното решение со кое постапката е завршена, нотарот ги враќа списите на надлежниот суд и истите се чуваат во архивата на судот одвоено од другите акти.

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум 15.01.2024 година

**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
## GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË

Булевар Ослободување бр.17, 6250, Кичево / тел: 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Osloboduvanje Nr.17, 6250, Kërçovë / tel: 045-223-565 / info@oskicevo.mk

**СПИ.бр.2 /2024QLI.nr.2/2024**
17.01.2024 година / viti
К и ч е в о/ Kërçovë

**До:**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ :** Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.2/2024 од 17.01.2024 година, Во прилог на ова писмо, Ви го доставуваме известувањето од барани информаци.

**Со почит.**

**Претседател на судот,**
**Fluturije Dervishi**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО**
**GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË**

Булевар Ослободување бр.17, 6250, Кичево / тел: 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Osloboduvanje Nr.17, 6250, Kërçovë / tel: 045-223-565 / info@oskicevo.mk

**СПИ.бр.2/2024 QLI.nr.2/2024**
17.01.2024 година / viti
К и ч е в о/ Kërçovë

**До:**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ :** Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.02/2024 од 17.01.2024 година, Ве известуваме дека по извршениот увид во вонпроцесно оделение преку АКМИС системот се утврди дека во Основниот суд Кичево, број на правосино завршени постапки за расправање на оставина, за период од 2021 до 2023 година е следното:

-Вкупен број на правосино завршени постапки за расправање на оставина, за период од 2021 година изнесува 744 -предмети

-Вкупен број на правосино завршени постапки за расправање на оставина, за период од 2022 година изнесува 639 -предмети,

-Вкупен број на правосино завршени постапки за расправање на оставина, за период од 2023 година изнесува 543 -предмети,

**Со почит,**

**Службено лице за посредување**
**со информаци,**
Kadri Xhelili